РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр. 08-28
Скопје 30.01.2023 г.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-28 од 20.01.2023 г. и Предлогот Уп1 бр.08-28 од 26.01.2023 г. од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-321/2 од 27.01.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 3-та седница одржана на 27.01.2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-18 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-28 од 20.01.2023 година.

### Образложение

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 2-та седница одржана на 20.01.2023 г., со Заклучок, арх.бр.02-255/5 од 20.01.2023 г., го усвои Предлогот Уп1 бр.08-28 од 20.01.2023 г., за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-18 од 05.01.2015 г. доставен од предлагачот, д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата и покрена постапка за одземање на предметната дозвола, поради тоа што по извршениот вонреден, по службена должност, административен надзор, во Извештајот арх.бр.03-257/1 од 17.01.2023 г., беше констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст) арх.бр.01-3747/1 од 06.10.2022 г.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 20.01.2023 г. до радиодифузерот беше испратен Допис Уп1 бр.08-28 од 20.01.2023 г., со кој беше известен дека доколку не ја достави потребната документација од која што ќе може да се констатира дека радиодифузерот ги исполнува минималните кадровски услови

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел. + 389 2 3103 400
www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

утврдени во цитираниот Правилник, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување. Известувањето Уп1 бр.08-28 од 20.01.2023 г., беше доставено до Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во писмена форма, во врска со што во доставната книга на Агенцијата е заведено дека истото е уредно примено на 20.01.2023 г. Исто така, Агенцијата на 20.01.2023 г. изврши и електронско доставување на Известувањето Уп1 бр.08-28 на официјалната електронска адреса на радиодифузерот: televizijab1@outlook.com регистрирана согласно тековната состојба во Централен регистар на РСМ.

На 23.01.2023 г. до директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, доставен е Писмен извештај за извршен контролен административен надзор, арх.бр.03-301/1 од 23.01.2023 г., со кој е констатирано дека Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, (Пречистен текст) арх.бр.01-3747/1 од 06.10.2022 г., по што од страна на директорот до Советот на Агенцијата доставен е Предлог Уп1 бр.08-28 од 26.01.2023 г., за донесување решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-18 од 05.01.2015 г.

Следствено на сето горенаведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.08-28 од 20.01.2023 г. и Предлогот Уп1 бр.08-28 од 26.01.2023 г. од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот, арх.бр.02-321/2 од 27.01.2023 г., Советот на Агенцијата на 3-та седница одржана на 27.01.2023 г., одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1.